

**Нашето патување за Ефес беше со цел да ја посетиме куќата света Богородица, мајката на Исус Христос. Посетата беше реализирана едно утро во еден топол и пријатен ден кога штотуку сонцето се појави од азискиот дел на Истанбул, а авионот се издигаше кон југ-кон Измир**

Го продолживме нашето патување со железната птица (Боинг 747) на Турската авио компанија и по помалку од еден час стасавме во 4 милионскиот град Измир. Ова метропола е сместена во заливот што го носи нејзиното име и е распространета во низискиот дел и на околните ридишта.

Таму бевме пречекани и добродојде ни посака народниот пратеник во Големото народно собрание на Република Турција, г. Кемал Ватан, роден во селото Злеово, Радовишко, во Македонија, лекарот Мехил Инан, директорот на аеродромот и други турски граѓани со потекло од Македонија.

Во Измир и околните места како да се преселиле долнореканскиот, велешкиот и другите региони од Македонија. Нив ги има во голем број како турски граѓани, меѓу кои најбројни се Македонците-муслимани. Нив ги има повеќе во Турција одколку во Македонија. Така ни рекоја домакините, бидејќи според некои нивни неофицијални податоци, само во Измир и во околните градови живеат од 300-500.000 турски граѓани од Македонија. Ги има од Врановци и Оризари, Велешко, од Скудриње, од Жупа и Дебар, од Пехчево и Делчево, од Штипско и од други места од Македонија.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**